FRA EUROPEAN UNION AGENCY FOR FUNDAMENTAL RIGHTS

# ШТО ЗНАЧАТ ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ПРАВА ЗА ЛУЃЕТО ВО ЕУ?

## РЕЗИМЕ



ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ПРАВА




**2**
Што мислат и знаат луѓето за човековите права

**6**
Ставови за функционирањето на демократското општество и политичкото учество

**12**
Добра администрација и корупција во јавните служби

© Агенција на Европската унија за фундаментални права, 2021.

Репродукција е дозволена под услов да се наведе изворот.

За секое користење или репродукција на фотографии или друг материјал кои не спаѓаат под авторското право на Агенцијата на Европската унија за фундаментални права, дозвола мора да се бара директно од носителите на авторското право.

Ниту Агенцијата на Европската унија за фундаментални права ниту кое било лице кое дејствува во име на Агенцијата на Европската унија за фундаментални права не сноси одговорност за користењето на следниве информации.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, 2021.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Print | ISBN 978-92-9461-125-3 | doi:10.2811/966089 | TK-01-20-642-MK-C |
| PDF | ISBN 978-92-9461-123-9 | doi:10.2811/474314 | TK-01-20-642-MK-N |

Фотографии:
Корица: © iStock/filadendron
Страница 5: © FRA
Страница 6: © iStock/Vladimir Vladimirov
Страница 10: © iStock/miodrag ignjatovic
Страница 11: (лево) © iStock/Chris Ryan; (десно) © iStock/Zolnierek
Страница 12: © iStock/notwaew
Страница 13: (лево) © iStock/Martinbowra; (десно) © iStock/urbazon
Страница 16: © iStock/mediaphotos

ЕУ е основана врз вредностите на демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права. Сепак, тие вредности и дискусии за фундаменталните права на ниво на ЕУ и на ниво на земјите-членки може да се чинат далечни во секојдневниот живот на луѓето.

Имајќи го тоа предвид, АФП го истражи она што луѓето го разбираат, знаат и искусуваат во однос на нивните фундаментални права во пракса. Добиените податоците обезбедуваат сеопфатни и споредливи докази за тие аспекти.

Ова резиме ги претставува главните согледувања од истражувањето на АФП. Тие првенствено имаат за цел да ги информираат институциите на ЕУ, владите и институциите на земјите-членки, како и бранителите на човековите права и граѓанските организации, за местото на фундаменталните права во општествата на ЕУ – врз основа на тоа што мислат и искусуваат луѓето.

Согледувањата се важно четиво за оние кои веруваат во креирање политики засновани на докази, на принципот од пониско кон повисоко ниво. Оние чија работа ги опфаќа фундаменталните права може да ги користат податоците за да информираат, како и за да ги преиспитаат своите претпоставки за тоа што мисли и искусува јавноста.

Наодите, исто така, може да влијаат врз дејствија во врска со фундаменталните права и најпосле да се искористат за постигнување позитивно влијание врз спроведувањето на правата во пракса.

## Забелешка за терминологијата

„Фундаментални права“ е терминот што се користи за „човекови права“ во внатрешниот контекст на ЕУ. При истражувањето, во некои прашања беше користен терминот „човекови права“ затоа што лицата кои одговараа на прашалникот полесно го разбираа овој термин. Ова резиме ги користи двата термини наизменично.

## Истражување за фундаменталните права: клучни факти

Истражувањето за фундаменталните права собра податоци во 29 земји – 27 земји-членки на ЕУ, Обединетото Кралство (земја-членка на ЕУ за време на собирањето податоци) и Северна Македонија (единствена земја што не е членка на ЕУ, со статус на набљудувач на АФП во времето на подготовка на истражувањето).

Истражувањето собра податоци од вкупно 34.948 испитаници. Во секоја земја, учествуваа репрезентативен примерок испитаници – од околу 1.000 во повеќето земји до околу 3.000 лица во Франција и Германија.

Истражувањето за фундаменталните права беше спроведено преку интернет во Австрија, Германија, Данска, Естонија, Луксембург, Обединето Кралство, Финска, Франција, Холандија и Шведска. Во другите земји, анкетарите контактираа лично со испитаниците. Интервјуата се одржаа во периодот од јануари до октомври 2019 година.

Резултатите се репрезентативни на ниво на ЕУ, како и за секоја земја, во однос на лица кои се на возраст од 16 години или повеќе и имаат вообичаено место на живеење во земјата каде што учествувале во истражувањето.

# ШТО МИСЛАТ И ЗНААТ ЛУЃЕТО ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Повеќето луѓе мислат дека човековите права се важни за создавање поправедно општество, но кај социјално загрозените лица постои помала веројатност да сметаат дека имаат полза од човековите права.**

## МИСЛЕЊЕ НА АФП 1

ЕУ и нејзините земји-членки треба да преземат насочени мерки со цел да обезбедат оние кои се мачат „да врзат крај со крај“, кај кои постои поголема веројатност да мислат дека сите не ги уживаат истите основни човекови права, да бидат ефикасно информирани за своите права и како да ги бараат истите. Исто така, треба да спроведат активности што ќе помогнат во зголемувањето на свесноста за правата кај лицата со пониско ниво на образование. Земјите-членки на ЕУ кои спроведуваат такви мерки на национално ниво треба да размислат за користење на достапните механизми на ЕУ за финансирање и за ангажирање релевантни национални чинители, особено национални институции за човекови права, тела за еднаквост и народни правобранители.

Таквите мерки треба да вклучуваат напори за комуникација, унапредување и достапност на фундаменталните права кои им припаѓаат на луѓето. Земјите-членки би можеле да истражат разни форуми и канали за ефективна комуникација во врска со правата, целејќи кон конкретни социјални групи и користејќи социјални медиуми заедно со конвенционалните медиуми, во тесна соработка со граѓанските организации.

- ★ Речиси 9 од 10 лица (88%) во ЕУ сметаат дека човековите права се важни за создавање поправедно општество во нивната земја. Тоа се движи од „ниско“ од 76% во Унгарија до „високо“ од 96% во Малта. Покрај тоа, речиси две третини (64%) не се согласуваат со тврдењето „човековите права за мене се безначајни во секојдневниот живот“. Ова покажува дека голем број од луѓето во ЕУ веруваат дека човековите права играат корисна и значајна улога во нивните животи.
- ★ Во исто време, речиси 7 од 10 Европејци (68%) сметаат дека некои неправедно ги искористуваат човековите права. Една третина (33%) се согласува со тврдењето „единствените луѓе кои имаат полза од човековите права се оние кои не ги заслужуваат – како што се криминалците и терористите“.
- ★ Резултатите укажуваат на врска помеѓу приходот на луѓето и нивото на образование и нивните ставови за човековите права. Кај лицата кои велат дека се мачат да врзат крај со крај со приходот во домаќинството (т.е. имаат потешкотии да платат за нештата кои им се потребни) и оние чие највисоко завршено ниво на образование е ниско средно образование или пониско, постои помала веројатност да сметаат дека сите во нивната земја уживаат исти човекови права. Во исто време, тие сметаат и дека некои луѓе неправедно ги искористуваат човековите права.
- ★ На пример, 44% од лицата на кои им е тешко да врзат крај со крај се согласуваат со тврдењето дека „единствените луѓе кои имаат полза од човековите права се оние кои не ги заслужуваат, како што се криминалците и терористите“. За споредба, 27% од лицата кои многу лесно се справуваат со моменталниот приход се согласуваат со горенаведеното тврдење. Покрај тоа, 38% од постарите лица – оние на возраст над 65 години - се согласуваат со тоа тврдење, во споредба со 27% од лицата на возраст од 16-29 години. Во исто време, 43% од лицата со сериозна долготрајна ограничена деловна способност – како што се лица со попреченост или долгорочни здравствени проблеми – се согласуваат со тврдењето, во споредба со 32% од оние кои немаат таква ограниченост.

- ★ Во 11 од 27 земји-членки на ЕУ, 50% или повеќе се согласуваат или цврсто се согласуваат дека кршењето на човековите права не е реален проблем во нивната земја, туку е нешто што се случува „на друго место“.
- ★ Анализирањето на резултатите според социодемографските карактеристики открива дека кај луѓето кои врзуваат крај со крај со „потешкотии“ или „големи потешкотии“ постои помала веројатност да се согласат (или цврсто да се согласат) дека кршењето на човековите права не е реален проблем во нивната земја: 43% се согласуваат со тоа, во споредба со 54% од лицата кои врзуваат крај со крај „лесно“ или „многу лесно“. Исто така, мажите се повеќе склони да го искажат ова гледиште (52%) отколку жените (44%).

**СЛИКА 1: СТАВОВИ ЗА ОДРЕДЕНИ АСПЕКТИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА (ЕУ-27, %)**




Забелешки:
Од сите испитаници во ЕУ-27 (n = 32.537); пондерирани резултати.

*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

Согласно новата стратешка агенда за ЕУ за периодот 2019-2024 година[1], градењето правична и социјална Европа преку имплементација на Европскиот столб за социјални права[2] – заедно со „праведна транзиција“ кон зелена одржлива иднина[3] – е основен приоритет за ЕУ. Со оглед на овие заложби, невработеноста и живеењето во услови на сиромаштија и социјално исклучување се неповолни за целосно уживање на правата.

**„Естонија е земја во која генерално се почитуваат човековите права, но според мене проблемот е што тешко се снаоѓаат луѓето со ниски примања (пензионери, лица со попреченост).“**

*(Маж, помеѓу 16 и 29 години, испитаник во истражувањето, Естонија)*

1 Европски совет (2019), **Нова стратешка агенда 2019-2024**.
2 Европски парламент, Совет на Европската унија, Европска комисија, **Меѓуинституционален проглас за Европскиот столб за социјални права**, Брисел, 13 декември 2017 година, OJ C 428. **Европскиот столб за социјални права** опфаќа 20 принципи кои обезбедуваат нови и поефикасни права за граѓаните на ЕУ. Има 3 главни клучни области: еднакви можности и пристап до пазарот на трудот; правични услови за работа; и социјална заштита и вклученост (принципот 3, за еднакви можности, наведува дека секој има право на еднаков третман и можности во врска со вработувањето, социјалната заштита, образованието и пристапот до добра и услуги достапни на јавноста).
3 Види Европска комисија (2020), *Воведување на механизмот за праведна транзиција - за зелена транзиција заснована на солидарност и правичност.*

Повелбата на ЕУ за фундаменталните права е директно релевантна при спроведувањето на правото на ЕУ и ќе биде тешко да се исполнат неколку права утврдени во Повелбата во однос на социјално и економски најмаргинализираните групи во ЕУ, што се рефлектира во резултатите од неколку прашања од истражувањето. Релевантни се голем број права од Повелбата. Тука, меѓу другите, спаѓаат човеково достоинство (член 1); слобода на избор на занимање и право на работа (член 15); еднаквост помеѓу жените и мажите (член 23); недискриминација (член 21); социјално осигурување и социјална помош (член 34); здравствена заштита (член 35); и слобода на движење и престој (член 45).

Правото на пристап до правда (член 47 од Повелбата) е исто така релевантно при разгледување на резултатите од истражувањето. Пристапот до правда е компромитиран кога луѓето – особено оние од маргинализираните групи, како што се тие кои не се во состојба финансиски „да врзат крај со крај“ – сметаат дека системот на контрола и рамнотежа е „туѓ“ за нивниот секојдневен живот, што се надополнува со непознавањето на правата и како да се пристапи до нив.

## Помалку се знае за Повелбата на ЕУ за фундаменталните права отколку за другите меѓународни инструменти за човекови права и тоа зависи од нивото на образование на луѓето.

### МИСЛЕЊЕ НА АФП 2

Следејќи ги заклучоците за 2019 година од Советот на ЕУ во врска со Повелбата, земјите-членки на ЕУ треба да размислат како најдобро да обезбедат „достапни информации“ на јавноста за фундаменталните права утврдени во Повелбата. Тоа, исто така, ќе ги поддржи националните чинители од областа на човековите права во нивните напори за подигнување на свесноста и подобрување на спроведувањето на Повелбата.

При промовирање на Повелбата, ЕУ треба да поддржува редовна размена помеѓу земјите-членки на ЕУ за практики и научени лекции за да се постигнат повисоки нивоа на свесност и знаење за Повелбата, особено во земјите-членки каде што Истражувањето за фундаменталните права покажува пониски нивоа на свесност. Тоа може да се прави како дел од постојната заложба на ниво на Работната група на Советот за фундаменталните права, правата на граѓаните и слободното движење на лица (ФРЕМП) за одржување годишен дијалог за Повелбата.

- ★ Едно од две лица (53%) слушнале за Повелбата на Европската унија за фундаменталние права. Помалку лица слушнале за Повелбата отколку за Европската конвенција за човекови права и Универзалната декларација за човекови права.

Овој наод е можеби очекуван со оглед на тоа што Европската конвенција за човекови права е стара повеќе од седумдесет години, додека Повелбата на ЕУ за фундаменталните права е компаративно „млада“, усвоена пред дваесет години. Сепак, податоците укажуваат дека јазот помеѓу свесноста на луѓето за Повелбата и за ЕКЧП е најмал во оние земји што се приклучиле на Советот на Европа во 90-тите години на минатиот век и каде што ЕКЧП се применува пократко време.

- ★ Кај луѓето со пониско ниво на образование има помала веројатност да слушнале за некој од трите меѓународни инструменти за човекови права за кои се прашани во истражувањето – Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права и Повелбата на ЕУ за фундаменталните права.
- ★ Покрај образованието на луѓето, другите социодемографски карактеристики поврзани со помала свесност за инструментите за човекови права за кои се прашани вклучуваат потешкотии за „врзување крај со крај“ со тековниот приход на домаќинството, постара возраст (65+ години) и невработеност или пензија.

Повелбата е еден од најсовремените и најсеопфатни законски обврзувачки инструменти за човекови права. Има иста правна вредност како и Договорите на Европската унија. Член 51 од Повелбата бара ЕУ и земјите-членки – кога постапуваат во рамките на законот на ЕУ – да ги почитуваат правата, да се придржуваат до принципите и да ја унапредуваат примената на одредбите на Повелбата. **Заклучоците од Советот на ЕУ за Повелбата за 2019 година** ги повикуваат земјите-членки да ги зголемат активностите за подигање на свесноста и обука за Повелбата меѓу клучните чинители од областа за човекови права – притоа признавајќи ја улогата на АФП во овој поглед. Заклучоците на Советот, исто така, ја нагласуваат важноста на обезбедување достапни информации за „пошироката јавност" во врска со правата утврдени во Повелбата.

**СЛИКА 2: СВЕСНОСТ ЗА КЛУЧНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕУ-27,%)**




*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

Забелешки:
Од Од сите испитаници во ЕУ-27 од кои е побарано да го пополнат делот „Свесност за правата и одговорности" од истражувањето (n = 24.354); пондерирани резултати.



# СТАВОВИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО И ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО

**Младите придаваат пониско ниво на важност од постарите возрасни групи на различни аспекти од функционирањето на демократските општества за кои се прашани во истражувањето.**

## МИСЛЕЊЕ НА АФП 3

За да се зајакне ангажманот на младите во функционирањето на демократското општество, како клучен столб за уживањето на фундаменталните права, Европската комисија и земјите-членки треба да ги земат предвид наодите од истражувањето – кои покажуваат дека лицата на 16 до 29-годишна возраст придаваат пониски нивоа на значење на клучните аспекти на демократијата – при спроведување на **Стратегијата на ЕУ за млади** за периодот 2019-2027 година. Таа стратегија, на ниво на ЕУ, вклучува „засилување на учеството на младите во демократскиот живот, вклучително и пристап до квалитетни информации потврдени од доверливи извори, како и промовирање на учеството на европски и други избори“. Важно е младите да бидат директно вклучени во тој процес.

ЕУ и нејзините земји-членки треба да ги земат предвид моделите за младинско политичко ангажирање кои се во развој и да истражат нови начини за ефикасно вклучување и комуникација со младите низ цела Европа.

- 86% од лицата сметаат дека слободни и фер избори се многу важни за демократијата. Генерално, три од пет лица или повеќе придаваат големо значење на секој од шесте елементи на демократијата за кои се прашуваше во истражувањето. Резултатите се движат од 60% до 86%, во зависност од аспектот за кој се прашува. (За список на поставените прашања, видете ја рамката.)
- Младите во возрасната група од 16 до 29 години постојано придаваат пониско ниво на важност на шесте аспекти на демократијата за кои се прашуваше во истражувањето, во споредба со постарите возрасни групи. На пример, младите (58%) придаваат помало значење на прашањата како што се слободата на опозициските партии да ја критикуваат власта, отколку постарите возрасни групи (70% од лицата на возраст од 54-64 години и 69% од лицата на возраст од 65 години или постари).
- Член 165 од Договорот за функционирање на ЕУ бара Унијата да преземе активности за поттикнување на учеството на младите во демократскиот живот во Европа. Стратегијата на ЕУ за млади за периодот 2019-2027 година, рамката за соработка во врска со младинската политика на ЕУ, го поттикнува учеството на младите во демократскиот живот, истовремено поддржувајќи го нивниот социјален и граѓански ангажман. Покрај тоа, **Резолуцијата на Европскиот парламент од 15 јануари 2020 година за Конференцијата за иднината на Европа** смета дека обезбедувањето младинско учество ќе биде суштински дел од долготрајните ефекти на Конференцијата и бара да бидат организирани специфични младински настани во овој контекст.



# Што беше прашано во истражу-вањето?

**Колку сметате дека следниве работи се важни за демократијата?**

- Изборите да бидат слободни и фер
- Гласачите да разговараат за политика со други луѓе пред да одлучат како да гласаат
- Опозициските партии да можат слободно да ја критикуваат власта
- Известувањето од страна на медиумите да не биде под влијание на власта
- Да бидат заштитени правата на малцинските групи
- Граѓаните да го имаат последниот збор за најважните политички прашања, гласајќи за нив директно на референдуми

Испитаниците можеа да одговорат на секое прашање со избирање вредност од скала која се движи од „1 - воопшто не е важно“ до „7 - исклучително е важно“. Покрај тоа, испитаниците кои не избраа ниту една од овие категории одговори имаа можност да одговорат „претпочитам да не кажам“ или „не знам“.

**СЛИКА 3: СМЕТАЊЕ ДЕКА СЛОБОДАТА НА ОПОЗИЦИСКИТЕ ПАРТИИ ДА ЈА КРИТИКУВААТ ВЛАСТА Е ОД ГОЛЕМА ВАЖНОСТ, ЛИЦА НА ВОЗРАСТ ОД 16-29 ГОДИНИ И 65 ГОДИНИ И ПОВЕЌЕ, ПО ЗЕМЈА (%)** [а, б]




Забелешки:

а Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија од кои е побарано да го пополнат делот „Свесност за правата и одговорности“ од истражувањето (n = 26.045); пондерирани резултати.

б Испитаниците можеа да одговорат на секое прашање со избирање вредност од скала која се движи од „1 - воопшто не е важно“ до „7 - исклучително е важно“. Покрај тоа, испитаниците кои не избраа ниту една од овие категории одговори имаа можност да одговорат „претпочитам да не кажам“ или „не знам“. Резултатите погоре се засноваат на испитаници кои имаат избрано вредност 6 или 7 на скалата со седум степени.

*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

## Луѓето веруваат во демократски принципи - но премногу од нив се чувствуваат „заборавени“ од мејнстрим политиката и политичарите.

### МИСЛЕЊЕ НА АФП 4

За да се подобри политичкото учество во ЕУ, потребни се заеднички напори за разрешување на наодот од истражувањето, според кој мнозинството луѓе сметаат дека „мејнстрим партиите и политичарите не се грижат за луѓето како мене“, што се рефлектира и во наодот дека луѓето сметаат дека нивните шанси за вработување се мали доколку не припаѓаат на политичката партија на власт. ЕУ и земјите-членки треба да посветат особено внимание на оние групи во општеството кои се чувствуваат најмалку вклучени во демократските процеси – како што се луѓето кои се мачат да врзат крај со крај со своите тековни приходи.

„Дијалози со граѓаните“ и соодветни консултации се воспоставена алатка за ангажман во ЕУ како обид да се допре до различни групи во општеството во однос на важни прашања од политиката. Сепак, потребно е значително преиспитување на овие алатки со цел да се допре до оние кои се економски загрозени и во обид систематски да се инволвираат.

Динамични граѓански општества, заедно со независни, плуралистички и одговорни медиуми - поткрепени со слобода на изразување – имаат потреба од поддршка на ниво на ЕУ и на ниво на земјите-членки за улогата што ја играат во зајакнување на демократскиот ангажман како средство за поддршка на фундаменталните права.

- Мнозинството лица во ЕУ (60%) се согласуваат или цврсто се согласуваат дека мејнстрим партиите и политичарите не се грижат за нив.
- Чувството дека „мејнстрим партиите и политичарите не се грижат за луѓето како мене“ е зголемено кај луѓето кои се мачат да врзат крај со крај со приходот во домаќинството, кај оние кои имаат завршено најмногу ниско средно образование, како и кај луѓето кои се соочуваат со сериозна долготрајна ограничена деловна способност (поради попреченост или долгорочни здравствени проблеми). На пример, 73% од лицата на кои им е тешко или многу тешко да врзат крај со крај со тековниот приход во домаќинството се согласуваат со ова тврдење. За споредба, со тврдењето се согласуваат 45% од оние што врзуваат крај со крај лесно или многу лесно.
- 63% сметаат дека луѓето имаат поголеми шанси да бидат вработени доколку припаѓаат на политичката партија што е на власт. Резултатите покажуваат големи варијации меѓу земјите-членки на ЕУ во однос на степенот до кој луѓето мислат дека е така. Забележително, ваквите ставови се почести кај луѓето кои се мачат да врзат крај со крај.

Демократијата, заедно со човековите права и владеењето на правото, е еден од трите столбови на кои се заснова Европската унија, и сите три се меѓу темелните вредности на Унијата, утврдени во член 2 од Договорот за Европската унија. Поделбата на власта, политичките слободи, транспарентноста и отчетноста се меѓународно признати принципи на добро воспоставена и функционална демократија. Човековите, или таканаречените фундаментални права – како што е наведено во внатрешниот контекст на ЕУ – се клучни за добро функционирање на демократските општества во ЕУ.

Програмата на ЕУ, **Европа за граѓаните**, која предвидува подобрување на условите за граѓанско и демократско учество на граѓаните на ниво на ЕУ, е важен дел од алатките на ЕУ за поттикнување демократски ангажман. **Конференцијата за иднината на Европа** е голема паневропска демократска вежба која се залага за поефикасна соработка со граѓаните на ЕУ. Тоа е уште еден механизам со кој ЕУ се обидува да соработува со граѓаните во однос на демократските процеси - усогласени со принципите утврдени во Повелбата за правата на граѓаните, како што се правото на глас и кандидирање на изборите за Европскиот парламент (член 39) и правото на глас и кандидирање на општински избори (член 40).

**„Човековите права се почитуваат кога некој има политички контакти. Обичниот човек е незаштитен.“**

*(Жена, над 65 години, испитаник во истражувањето, Шпанија)*

## СЛИКА 4: СТАВОВИ ВО ВРСКА СО ТВРДЕЊЕТО „МЕЈНСТРИМ ПАРТИИТЕ И ПОЛИТИЧАРИТЕ НЕ СЕ ГРИЖАТ ЗА ЛУЃЕТО КАКО МЕНЕ“, СПОРЕД ИЗБРАНИ СОЦИОДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ (ЕУ-27,%) [a, b]




- Цврсто се согласувам или вообичаено се согласувам
- Ниту се согласувам, ниту не се согласувам
- Воопшто не се согласувам или вообичаено не се согласувам
- Не знам или претпочитам да не кажам

*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

Забелешки:

[a] Од сите испитаници во ЕУ-27 од кои е побарано да го пополнат делот „Свесност за правата и одговорности“ од истражувањето (n = 24.354); пондерирани резултати.

[б] За детали во врска со социодемографските варијабли користени во анализата, видете Прилог I на главниот извештај.

**Една четвртина од луѓето сметаат дека судството не е независно, а секој петти смета дека невладините организации и хуманитарните здруженија секогаш подлежат на притисок од власта.**

## МИСЛЕЊЕ НА АФП 5

Наодот дека нешто повеќе од секој четврти граѓанин на ЕУ смета дека судиите во неговата земја не можат да ја вршат својата работа без влијание од власта – што оди и до секое второ лице во некои земји-членки – укажува дека се неопходни конкретни мерки за зголемување на довербата на јавноста во независноста на судството. Без таква доверба, се поткопуваат клучните демократски принципи и фундаменталните права, како што се правото на ефикасен правен лек и на фер судење, како и правото на еднаквост и на добра администрација.

Со оглед на тоа што наодите од истражувањето покажуваат дека едно од пет лица смета дека невладините организации и хуманитарните здруженија секогаш подлежат на притисок од власта, од суштинско значење е земјите-членки да ги поддржуваат слободите и правата на чинителите од граѓанското општество.

ЕУ и нејзините земји-членки треба систематски да собираат независни и робусни податоци за јавното мислење во врска со независноста на судството, како и за можноста невладините организации и хуманитарните здруженија да работат без влијание од власта. Тоа ќе им обезбеди на Комисијата и другите институции на ЕУ, како и на земјите-членки, дополнителна доказна основа за создавање контролни мерки. Таквите податоци исто така може да бидат информативни за важни иницијативи, како што е годишната проценка на Комисијата за владеењето на правото во земјите-членки.

- ★ Секое четврто лице (27%) во ЕУ смета дека, во неговата земја, судиите „никогаш“ или „ретко“ се во можност да ја завршат својата работа без влијание од власта. Резултатите се движат од 47% во Хрватска до 11% во Данска и Финска.
- ★ 37% од луѓето во ЕУ сметаат дека невладините организации и хуманитарните здруженија во најголем дел од времето или секогаш се во можност да ја вршат својата работа без притисок од власта. Во исто време, 34% сметаат дека тоа е така понекогаш. Секој петти (21%) смета дека тоа никогаш не е така или ретко е можно.

Во согласност со член 47 од Повелбата на ЕУ за фундаменталните права (право на ефикасен правен лек и фер судење), независните судови се од суштинско значење за гарантирање ефикасна судска заштита на фундаменталните права. Ефикасната судска заштита, што е и фундаментално право и општ принцип на правото на ЕУ, е „конкретен израз“ на владеењето на правото, како што е истакнато од Судот на правдата на Европската унија во својата судска пракса според член 19 (1) од ТЕУ - на пример, во случајот C-64/16, **Associação Sindical dos Juízes Portugueses** (пресуда од 27 февруари 2018 година, став 32).

**„Потребни се врски за воопшто некој да биде назначен за судија, така што влијанието почнува уште од таа фаза“.**

*(Жена, помеѓу 45 и 54 години, учесник во фокус-група, Бугарија)*

Ниту една демократија не може да напредува без активно граѓанско општество, како што е наведено во Комуникацијата на Комисијата за *зајакнување на владеењето на правото во рамките на Унијата* - објавена во јули 2019 година. Во овој контекст, Повелбата вклучува права на слобода на собирање и здружување (член 12) и слобода на изразување и информирање (член 11). Овие се однесуваат на земјите-членки на ЕУ кога тие дејствуваат во рамките на правото на ЕУ и се од особено значење во однос на граѓанските организации во ЕУ.



**СЛИКА 5: ПЕРЦЕПЦИИ ВО ВРСКА СО СПОСОБНОСТА НА СУДИИТЕ ДА ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА БЕЗ ВЛИЈАНИЕ ОД ВЛАСТА, ПО ЗЕМЈА (%) [а, б]**




*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

▲

Забелешки:

[а] Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија од кои е побарано да го пополнат делот „Свесност за правата и одговорности“ од истражувањето (n = 26.045); пондерирани резултати.

[б] Категориите одговори користени во истражувањето беа „Никогаш“, „Ретко“, „Понекогаш“, „Поголем дел од времето“, „Секогаш“, „Претпочитам да не кажам“ и „Не знам“. На сликата, комбинирани се некои од оригиналните категории одговори, како што е наведено во натписите на категориите.





# ДОБРА АДМИНИСТРАЦИЈА И КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ

**Оние што имаат најголема потреба од добра услуга од јавната администрација – како што се луѓе со долгорочни здравствени проблеми – укажуваат дека се соочуваат со особени предизвици.**

### МИСЛЕЊЕ НА АФП 6

Земјите-членки на ЕУ треба да обезбедат информациите за правата на луѓето во врска со јавните услуги да се даваат навремено и да бидат достапни за сите. Тие треба особено да се фокусираат на групи на кои можеби им се најпотребни таквите услуги – како што се луѓе со долгорочни здравствени проблеми или попреченост, вклучително и постари лица.

- ★ Во однос на проблеми при комуницирање со јавната администрација и локалните власти, луѓето најчесто споменуваат дека нивниот предмет долго време се обработува и дека се соочуваат со потешкотии при наоѓањето релевантни информации.
- ★ Луѓето кои имаат долготрајна ограничена деловна способност (поради инвалидитет или долгорочни здравствени проблеми), како и луѓето со пониско образование или ограничени финансиски средства, потешко наоѓаат информации за услугите кои ги обезбедува јавната администрација и локалните власти.
- ★ Едно од десет лица (11%) сметаат дека не биле третирани подеднакво со другите од страна на јавната администрација.

На пример, 17% од лицата кои со потешкотии или со големи потешкотии врзуваат крај со крај сметаат дека не биле третирани подеднакво со другите од страна на јавната администрација или локалните власти. За споредба, тоа го мислат 8% од лицата кои лесно или многу лесно врзуваат крај со крај.

- ★ Кај лицата со сериозна долготрајна ограничена деловна способност (поради попреченост или долгорочни здравствени проблеми) поголема е веројатноста дека се соочуваат со проблеми во однос на услугите кои ги обезбедува јавната администрација и локалните власти: 54%, во споредба со 39% кај лицата без ограничена деловна способност. Слично на тоа, луѓето кои се мачат да врзат крај со крај со приходот во домаќинството имаат поголеми шанси да се соочат со вакви проблеми: 48%, во споредба со 39% од лицата кои прилично или многу лесно врзуваат крај со крај.



**„Како мајка на дете со попреченост, ужасно е да се искуси колку малку помош и насоки добивате во однос на правата, можностите, итн.“**

*(Жена, помеѓу 30 и 44 години, испитаник во истражувањето, Данска)*

Меѓутоа, и луѓето со високо образование укажуваат на поголема стапка на проблеми со услугите кои ги обезбедува јавната администрација и локалните власти, во споредба со луѓето кои имаат завршено најмногу ниско средно образование. Овој наод може да одразува повисоки очекувања од обезбедувањето услуги кај пообразованите.

Правото на добра администрација, како што е наведено во член 41 од Повелбата, е фундаментално право кое претставува составен дел на правниот поредок на ЕУ. Како општ принцип на правото на ЕУ, тоа исто така ги обврзува земјите-членки кога тие дејствуваат во рамки на правото на ЕУ. Општите национални обврски, исто така, произлегуваат од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и поврзаната судска пракса на Европскиот суд за човекови права - особено во врска со концептот на добро управување. Според овие минимални стандарди, секое лице има право неговите барања да бидат решавани од страна на јавните органи непристрасно, правично и во разумен рок. Другите сродни аспекти вклучуваат транспарентност и пристап до информации, кои се клучни алатки во националните системи на контрола и рамнотежа.

Улогата на јавната администрација и локалните власти во обезбедувањето достапност и лесна разбирливост на информациите – основна услуга во нормални околности – добива огромно значење во вонредни состојби, како што е пандемијата со коронавирусот (COVID-19) во 2020 година.

**„Јавната администрација работи премногу бавно, понекогаш треба да поминат неколку недели за да се добие одговор на некое барање, а кога ќе добиете, информациите се толку несредени што не можете да ги разберете“.**

*(Човек, над 65 години, испитаник во истражувањето, Германија)*





## СЛИКА 6: СООЧУВАЊЕ СО ЕДЕН ИЛИ ПОВЕЌЕ ПРОБЛЕМИ ПРИ КОМУНИЦИРАЊЕ СО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА / ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ВО ПЕТ ГОДИНИ ПРЕД ИСТРАЖУВАЊЕТО, СПОРЕД ИЗБРАНИ СОЦИОДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ (ЕУ-27,%) [a, b, c]




*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

Забелешки:

[a] Од сите испитаници во ЕУ-27 од кои е побарано да го пополнат делот „Искуства од секојдневниот живот“ од истражувањето (n = 26.493); пондерирани резултати.

[б] Категоријата „Да“ го покажува процентот луѓе кои се соочиле со барем еден од шесте проблеми наведени во истражувањето во однос на јавната администрација и локалните власти.

[c] За детали во врска со социодемографските варијабли користени во анализата, видете Прилог I на главниот извештај.

**Корупцијата е проблем во некои земји-членки повеќе одошто во други, а особено го засега здравствениот сектор. Половина од младите сметаат дека помало мито е прифатливо.**

- ★ Само малку луѓе (4%) во ЕУ имале искуство со јавен службеник или државен службеник кој побарал или очекувал услуга, како подарок или донација, во замена за одредена услуга. Сепак, во некои земји-членки на ЕУ ова е почесто, искачувајќи се на речиси едно од пет лица што имале искуство со ваква форма на корупција во некои земји.
- ★ Корупцијата во врска со здравствените услуги се смета за посебен проблем. Во Унгарија, Словачка, Хрватска и Латвија, над 60% од луѓето велат дека некој мора, барем понекогаш, да даде подарок или да изврши некој друг вид услуга за да има подобар третман во државните болници.
- ★ Сепак, едно од четири лица (24%) сметаат дека понекогаш или секогаш може да биде прифатливо да се даде подарок на јавен службеник или државен службеник за забрзување на работите во итни случаи. Над 50% од луѓето во Словачка, Чешка и Хрватска сметаат дека е прифатливо барем понекогаш да се даде подарок или да се направи услуга на јавен службеник или државен службеник со цел истиот побрзо да одговори на итно барање. За споредба, 20% или помалку го имаат овој став во Шведска, Малта, Финска и Португалија.
- ★ Забележително, 48% од лицата во возрасната група од 16 до 29 години сметаат дека е прифатливо да се даде подарок или да се направи услуга, во споредба со помалку од 35% во другите возрасни групи.

Корупцијата влијае на фундаменталните права од Повелбата, ЕКЧП и другите меѓународни инструменти за човекови права. Особено, таа ги крши принципите на еднаквост и недискриминација (членови 20 и 21 од Повелбата). Во зависност од секторот – почнувајќи од вработување па сè до здравствена заштита – таа крши и други права.

## МИСЛЕЊЕ НА АФП 7

Врската помеѓу високите стапки на распространетост или прифатеност на корупцијата и нивното резултирачко влијание врз основните права на луѓето – како што се еднаквоста на пристапот до јавните услуги – треба да се земе во обсир и да се реши директно од јавните администрации низ ЕУ. Тоа може да се направи со фокусирање на работниците во одредени клучни сектори – како што е здравствената заштита – каде има голема распространетост на корупцијата, и на делови од населението – како што е младината – каде прифаќањето на некои форми на мито се чини дека е поголемо, истакнувајќи ја незаконитоста на корупцијата и истакнувајќи го правото на луѓето на добра администрација и еднаквост во овој поглед.

За оние земји-членки каде што истражувањето покажува дека реалната распространетост или прифаќање на корупцијата може да се почести, државните органи – поддржани од граѓанското општество – треба да вложат максимални напори да ги намалат овие стапки. Еден начин да се реши тоа е преку гарантирање дека при исплатата на фондовите на ЕУ, особено на европските структурни и инвестициски фондови, пропишаните потребни услови содржат упатување на член 41 од Повелбата на ЕУ за фундаменталните права во врска со правото на добра администрација. Ова треба систематски да се следи од релевантните тела на ЕУ, како што се Судот на ревизори и Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ).

Со оглед на тоа дека корупцијата претставува значителна системска пречка за остварување на фундаменталните права, таа треба да стане постојан аспект за следење како дел од новиот европски механизам за владеење на правото - заснован на цврст и споредлив доказ. Ова може да послужи за поддршка на улогата на ЕУ во однос на постојните тела што работат во борбата против корупцијата, особено групата на држави на Советот на Европа против корупцијата (ГРЕКО).

Во пракса, најчесто се засегнати социјалните права. Корупцијата во здравствениот сектор влијае на правото на сите луѓе на највисокиот стандард за здравствена заштита (член 35 од Повелбата). Во образовниот сектор, правото на образование (член 14 од Повелбата) е дискутабилно. Од друга страна, корупцијата во судскиот сектор го крши правото на фер судење и ефикасен правен лек (член 47 од Повелбата), кои се клучни во спроведувањето на сите други човекови права и во спречувањето неказнетост. Покрај тоа, немањето независно судство поттикнува недоверба во јавните институции, поткопувајќи го почитувањето на владеењето на правото и демократијата.

**„Лекарите од државните болници секогаш очекуваат подарок за подобро да се грижат за вас“.**

*(Човек, помеѓу 16 и 29 години, испитаник во истражувањето, Кипар)*

**СЛИКА 7: СТАВОВИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТА ДА СЕ ДАВА ПОДАРОК ИЛИ ДА СЕ ПРАВИ УСЛУГА НА ЈАВЕН СЛУЖБЕНИК ИЛИ ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК, ДОКОЛКУ ВИ ТРЕБА НЕШТО ИТНО ОД НИВ, ПО ЗЕМЈА (%)**




- Прифатливо е понекогаш или секогаш
- Никогаш не е прифатливо
- Не знам или претпочитам да не кажам

*Извор: АФП, Истражување за фундаменталните права 2019 [Собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)]*

Забелешки:

Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија (n = 34.948); пондерирани резултати.



Ова резиме ги прикажува главните наоди од првиот извештај на АФП во врска со Истражувањето за фундаменталните права. АФП објави уште неколку публикации што презентираат одредени резултати од истражувањето. Достапни се на **веб-страницата на АФП**.









„ПРОМОВИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ВО ЕУ“ —

Ова резиме ги претставува главните согледувања од првиот извештај на АФП врз основа на нејзиното истражување за фундаменталните права. Истражувањето собра податоци од околу 35.000 лица за нивните искуства, перцепции и мислења за низа прашања кои се на различен начин опфатени со човековите права.

Резимето се фокусира на наодите во врска со мислењата на испитаниците за човековите, или фундаменталните права; нивните ставови и перцепции за функционирањето на демократските општества – како столб за унапредување на човековите права; и нивните размислувања и комуникацијата со јавните служби кои имаат должност да го спроведуваат законот за човекови права и да ги штитат правата на луѓето.

Equality
Non-discrimination
Access to Justice
Rule of law
EU Charter of Fundamental Rights

АФП – АГЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА
Schwarzembergplatz 11 - 1040 Виена - Австрија
Т +43 158030-0 - Ф +43 158030-699
fra.europa.eu

facebook.com/fundamentalrights
twitter.com/EURightsAgency
linkedin.com/company/eu-fundamental-rights-agency

Publications Office of the European Union